Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање преку е-пошта од 23.04.2025 година од ЗИП Институт, преку извршен директор Агим Селами, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Бр. 02-2365/1
13.05. 25 год.-viti
СКОПЈЕ

**РЕШЕНИЕ**

**ДЕЛУМНО СЕ ОДБИВА** барањето од ЗИП Институт, преку извршен директор Агим Селами, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот ЗИП Институт, преку извршен директор Агим Селами, делумно да се запознае со содржината на бараната информација во форма на електронски запис, по електронска пошта.

**Образложение**

Барателот на информацијата – ЗИП Институт, преку извршен директор Агим Селами на ден 23.04.2025 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање со кое ги бараат следните информации од јавен карактер:

1. Вкупниот број на вработени во компанијата и сеопфатна структура на персоналот?
2. Бројот на отворени позиции и пополнети вработувања за изминатите 7 години?
3. Копии од јавно објавени работни места во последните седум години?
4. Листа на кандидати за јавно објавените работни места?
5. Копии од евиденција за внатрешни решенија за вработување?
6. Чекор-по-чекор преглед на процесот на вработување, вклучувајќи скрининг, интервјуирање и финална селекција?
7. Критериуми се користат за оценување на кандидатите во различни фази од процесот на вработување?
8. Дали сте имале некакви „неуспешни“ огласи за работа? Или не се пријавиле доволно луѓе или не биле исполнети надлежностите?
9. Колкав процент од вкупните вработувања биле пополнети преку јавно објавени позиции наспроти внатрешни или директни назначувања?
10. Дали огласите беа објавени во национални или локални медиуми, владини портали или други платформи?
11. Колку позиции беа пополнети без јавен оглас во последните седум години и кои беа оправдувањата?
12. Кои внатрешни процеси одредуваат дали позицијата се огласува јавно или се пополнува преку други средства?
13. Каква улога играат надворешните тела за надзор или внатрешните комисии за човечки ресурси во одобрувањето на вработувањата кои не се огласуваат?
14. Кој е вклучен во донесувањето одлуки во секоја фаза и кои механизми се поставени за да се обезбеди непристрасност?

15. Дали кандидатите кои не беа избрани добиваат повратни информации? Дали постојат формални постапки за поплаки или жалби за кандидатите кои веруваат дека одлуките за вработување биле неправедни?

Информацијата ја бараат во фотокопија/ електронски запис, по е-маил/ пошта.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето оцени дека за предметното барање треба да се спроведе тест за штетност согласно член 20, став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

При спроведување на тестот на штетност во предвид беа земени одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

По спроведениот тест на штетност се дојде до заклучок дека со објавувањето на податоците од точка 4 (Листа на кандидати за јавно објавените работни места) и точка 5 (Копии од евиденција за внатрешни решенија за вработување ) од барањето дека тоа е личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Со горенаведеното, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје постапи согласно член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРИЛОЗИ:**

Прилог 1 – Одговори на бараните прашања
Прилог 2 – Копии од јавно објавени работни места во последните седум години

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Доц. д-р Бурим Љатифи**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива

1. Вкупниот број на вработени во Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, АД МЕПСО во моментов е 609. До крајот на годината ќе се испразнат уште единаесет работни места по основ на пензионирање .
   - Сеопфатна структура на вработените е утврдена со Правилник за систематизација на работни места како и со Правилник за внатрешна организација.
2. Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, АД МЕПСО спроведува вработувања согласно Закон за работни односи и Закон за извршување на Буџет.
   - Јавните огласи се спроведуваат согласно ЗРО и истите се објавуваат во два дневни весника како и на страната на Агенцијата за вработување на РСМ.
3. Во прилог скенирани Јавни огласи за изминатите 7 години.
4. Согласно Законот за заштита на лични податоци немаме законска можност да Ви доставиме податоци со листи на кандидати.
5. Согласно Законот за заштита на лични податоци немаме законска можност да Ви доставиме копија од евиденција за внатрешни решенија за вработување.
6. Операторот на Електропреносниот систем на РСМ, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, АД МЕПСО, Скопје, пред започнување на постапката, доставува Барање за добивање на согласност за пополнување на работни места до Министерството за финансии на РСМ. Барањето за согласност се заснова на фактот дека наведените работни места се испразнети согласно Правилник за систематизација на работните места и потребата истите да се пополнат заради зголемен обем на работа во организационите делови на Друштвотото.

   По добивање на согласност за вработување, АД МЕСПО-носи Одлука за потреба од засновање на работен однос за конкретно наведени работни места во согласностите и објавува Јавен оглас во два дневни весника во кој се наведува дека кандидатите покрај општите услови утврдени со закон, треба да ги исполнуваат и посебните услови за пополнување на конкретните работни места. Во врска со Административната селекција – утврдување на навременост и комплетност на поднесената документација

Службата за селекција, професионален развој и планирање, ги прима апликациите на кандидатите и изготвува Листи на апликанти- табеларен приказ на сите работни места. Во насока на почитување на принципот на недискриминација и рамноправен правичен третман на сите лица кои аплицирале на конкретниот оглас, генералниот директор формира Комисија со задача да изврши селекција за вкупно пријавените кандидати и да изготви предлог од 5 (пет) лица за избор на кандидати за работни места. Комисијата, формирана со Решение, изготвува Извештај и во предвидениот законски рок доставува предлог за избор на сите работни места поединечно. Одлука за избор на кандидат по јавен оглас за работно место, носи генералниот директор.

7. Операторот на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје –АД МЕПСО, Скопје ги почитува принципот на недискриминација и рамноправен правичен третман на сите кандидати кои аплицираат на објавен јавен оглас во Друштвото, во рамки на уставните и законските права и овој принцип на недискриминација и рамноправен правичен третман, АД МЕПСО го применува во однос на вработувањето согласно законските одредби.
8. Во 2020 година на Јавен оглас на кој беше објавена потреба од пополнување на работно место "електромонтер", за кое работно место покрај општите услови за завршено електротехничко училиште, е потребно и лекарско уверение за работа на висина, за жал за две работни места немаше кандидати.
9. АД МЕПСО нема законска можност да вработува без објава на Јавен оглас. Сите лица кои се вработени на неопределено работно време, се вработени согласно закон. Именувани лица се само оние кои се назначени од Надзорен одбор на определено време со менаџерски договори согласно Закон за трговски друштва.
10. Јавните огласи согласно закон, секогаш се објавуваат во два дневни печатени весника и во изминатите седум години тоа се: Слободен Печат , Нова Македонија и Коха, како и на интернет страната на Агенција за вработување.

11. АД МЕПСО има склучено Договор со агенции за привремени вработувања и во период од 2018 г. до април 2025 г. беа ангажирани вкупно 30 вработени. И за нив исто така, законски се обезбедени согласности преку

Министерство за финансии и сите 30 вработени се примени на Јавен оглас на неопределено време.

**12.** Проценка се прави согласно процесот за работа, од страна на менаџерскиот тим, како и според финансискиот план за конкретно работно место, дали вработувањето ќе биде на неопределено или на определено време.

**13.** Кандидатите треба да ги исполнуваат условите наведени за конкретното работно место, без разлика дали тие се пријавени на Јавен оглас или преку Агенција за привремени вработувања.

**14.** Согласно Законот за работни односи, работодавачот има право на слободно одлучување, со кој кандидат (кој ги исполнува пропишаните договорени, односно од работодавачот барани услови за вршење на работата,почитувајќи ги законските забрани), ќе склучи договор за вработување.

**15.** Согласно Законот за работни односи, работодавачот е должен во рок од пет работни дена од денот на склучувањето на договорот за вработување писмено да го извести кандидатот кој не е избран, дека не е избран како и тоа кој кандидат е избран за конкретното работно место. Притоа на кандидатот треба да му ги врати сите документи што му ги доставил како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата. Оваа законска обврска е секогаш испочитувана од страна на АД МЕПСО.